ЗДРУЖЕНИЕ НА РАКОМЕТНИ СУДИИ
НА МАКЕДОНИЈА

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

*до членовите на Здружението на ракометни судии на Македонија*

**Предмет: Семинар и лиценцирање на ракометни судии за сезона 2025/2026**

Почитувани колеги,

Ве информираме дека семинарот за лиценцирање на ракометните судии за натпреварувачката сезона 2025/2026 ќе се одржи на **24 август 2025 година (недела)** во **Охрид**, со следниот распоред и локации:

---

## Агенда:

- **08:00–09:00 ч.** – Физичко тестирање
  **Локација:** Спортска сала „Биљанини Извори“, Охрид
- **10:00–11:00 ч.** – Теоретски тест за правилата на ракометната игра
  **Локација:** Сала на Советот на Општина Охрид*
- **11:30–15:00 ч.** – Семинар (едукативни сесии, презентации и дискусии)
  **Локација:** Сала на Советот на Општина Охрид*
- **15:00 ч.** – Заеднички ручек
  **Локација:** Ресторан „Кај Мече“*

  ** (Локациите може да претрпат измени за кои, доколку настанат, учесниците ќе бидат благовремено известени.)*

---

## Котизација:

- За **прва лиценца**: 2.000 денари
- За **поправно полагање**: 1.000 денари
- За **втор термин** (за судии кои не присуствувале на првиот): 2.500 денари

**Уплатата е задолжителна и мора да се изврши пред денот на полагање.**
Средствата се уплатуваат на жиро сметка на ЗРСМ:

**300000001232130** - Комерцијална Банка

**Секој кандидат е должен да приложи доказ за уплата (потврда/копија од уплатница) при пријавување на денот на семинарот.**
**Без приложен доказ, нема да се дозволи полагање.**

---

ЗДРУЖЕНИЕ НА РАКОМЕТНИ СУДИИ
НА МАКЕДОНИЈА

## Здравствена потврда:

Секој кандидат **е должен** да достави потврда од **спортски доктор или интернист** за физичка способност за спортување.
**Без приложена валидна потврда, нема да биде дозволено учество на физичкото тестирање.**

---

## УСВОЕНИ КРИТЕРИУМИ ЗА ПОЛАГАЊЕ
(од страна на Стручната комисија на ЗРСМ)

**1. Физички тест – минимални резултати за успешно полагање:**
(во зависност од возраста и полот на кандидатот)

| Возраст | Жени (минимум) | Мажи (минимум) |
|---|---|---|
| Под 33 години | 9.0 | 10.0 |
| 33 – 42 години | 8.0 | 9.0 |
| Над 42 години | 7.0 | 8.0 |

**2. Теоретски тест:**

- Минимум **75% точност** од одговорите.

---

## Поправно полагање и втор термин за лиценцирање*:

Поправен термин кој воедно ќе биде и втор термин за линцецирање ќе биде организиран **еден месец по првиот семинар/лиценцирање**.
**Точниот датум, место и време ќе бидат дополнително објавени.**
***** *Право да полагаат во вториот термин**, а кои не полагале во привот**, ќе имаат оние кандидати кои ја известиле комисијата за неодложно отсуство **пред** терминот за редовното/прво полагање.*

**НАПОМЕНА: Судиите кои успешно не го положиле тестирањето се до негово успешно положување нема да бидат делегирани.**

---

*За дополнителни информации, обратете се до претставниците на Комисијата или преку официјалните канали на ЗРСМ.*

Со почит,
**Стручна комисија на ЗРСМ**